Врз  основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со челн 62 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола “бр. 2/96) , донесувам

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлуката за утврдување висината на комуналните такси во Општина Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување висината на комуналните такси во Општина Битола, донесена на седницата на Советото на Општина Битола одржана на 18.07.2005 година
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола.

Бр. 08/78/7
20.07.2005 год
Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Битола
Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02) член 2 став 2 од Законот за комуналните такси („Сл. Весник на РМ“ бр. 61/05) и член 79 од Статутот на Општината Битола („Сл.гласник на Општината Битола“ бр.2/96) Советот на Општината Битола на сеницата одржана на 18.07.2005 година, донесе

ОДЛУКА
**за утврдување висината на комуналните такси во Општината Битола**
Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналните такси во Општината Битола во рамките утврдени со Законот за комунални такси

Член 2

Висината на комуналните такси што се праќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните, за одделни тарифни броеви се утврдува на:

Тарифен број 1

За фирма, односно назив на:

а) Деловните простории на физичките лица кои вршат дејност  2.300 ден.

b) Деловните простории на физичките лица вршат дејност данокот го плаќаат во паушален износ 700 ден
c) Деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите, освен за продавници, киосци, деловни единици и слично за кои таксата изнесува 6.000 ден.
- деловни простории на правни лица од комуналните дејности 3.000 ден
-деловни простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено 3.000 ден

**Тарифен број 2**

За користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга лична привремена употреба –дневно 30 ден $m^2$

Наплатата на таксата ја вршат, угостителските, туристичките и други правни лица, другите даватели на угостителски и туристички услуги, физичките лица кои вршат угостителска и туристичка дејност.

Давателите на услуги на платената такса ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општината

**Тарифен број 3**

За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност од $m^2$ дневно 15 ден $m^2$

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање на одобрение за вршење на дејност и ја уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за Општината.

**Тарифен број 4**

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и тоа:

- До седум дена 800 ден
- До 30 дена 1.300 ден
- До една година 1.600 ден

**Тарифен број 5**

За користење на музика во јавни локали годишно 6.500 ден

**Тарифен број 6**

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории, годишно и тоа:

-за физички лица кои вршат дејност 1.200 ден

-за правните лица од областа на производството, прометот и услугите 2.500 ден

**Тарифник број 7**

За користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, за заземена површина од $m^2$ дневно 7 денари

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање одобрение за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби и уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општината

Тарифен број 8

За користење на просторот за паркирање на моторни возила:

- Паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта – дневно 30 ден
- По саат 10 ден
- Паркирање на товарни моторни возила и автобуси дневно – 100 ден
- Паркирање на приколку дневно – 50 ден

Наплатата на таксата ја врши правно лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг – плацот и уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општината

Тарифен број 9

За користење на улиците со патнички товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли и тоа:

- За патнички возила до 1000 кубика 70 ден
- За патнички возила од 1000 до 1300кубика 100 ден
- За патнички возила од 1300 до 1500 кубика 130 ден
- За патнички возила од 1500 до 1800 кубика 300 ден
- За патнички возила над 1800 кубика 500 ден
- За товарни возила по тон носивост 100 ден
- За автобуси и други возила што служат за превоз на патници 700 ден
- За специјални возила 70 ден

- За сите видови мотоцикли 70 ден

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возилата и уплатува на соодветна сметка во рамките на трезорската сметка на Општината

Тарифен број 10

За користење и одржување на јавно осветлување се наплаќа комунална такса во висина на против вредност од 15 КВ ч по цена за јавно осветлување за секое броило за мерее на електрична енергија.

Наплатата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броило ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на Општината

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на овајвувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07 – 711/9
18.07.2005 год
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Битола
Зоран Конаџовски

Врз основа на член 13 и 16 став 3 од Законот за даноците на имотот („Службен весник на РМ“ бр. 61/04), а во врска со член 79 од Статутот на општина Битола („Сл гласник на Општината Битола“ бр. 2/96), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 25.07.2005 година, донесе

ОДЛУКА
**За утврдување височината на стапките на данокот на наследство и подарок во Општината Битола**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува височината на стапките на данокот на наследство и подарок во Општината Битола

Член 2

Височината на стапките за пресметување на данокот на наследство и подарок се утврдува:

-за обврзник од втор наследен ред 2%

-за обврзник од трет наследен ред или обврзник кон не е во сродсто со оставителот 4%

Член 3

Основа за пресметување на данокот за наследство и подарок претставува пазарната вредност на наследениот, односно на подарок примениот имот во моментот на настанувањето на даночната обврска, намалена за долговите и трошоците што го товарат имотот кој е предмет на оданочување

Член 4

Пазарната вредност на наследениот или на подарок примениот имот се утврдува според методологијата на Владата на РМ на предлог на Министерството за финансии, од страна на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижноси формирана од страна на Советот на Општина Битола

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола,,

Бр. 07-750/20
25.07.2005 год
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Зоран Коњановски

Врз основа на член 21 и 22 од Законот за даноците на имотот („Службен весник на РМ“ бр. 61/04), а во врска со член 79 од Статутот на општина Битола („Сл гласник на Општината Битола“ бр. 2/96), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 25.07.2005 година, донесе

ОДЛУКА
**за утврдување на стапките на**
**данокот на промет на недвижности**
**во Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на стапките на данокот на промет на недвижности во Општината Битола

Член 2

Висината на стапката на данокот на промет на недвижности во Општина Битола се утврдува на 3 %

Член 3

Основа за пресметување на данокот на промет на недвижности е пазарната вредност на недвижноста во моментот на настанувањето на обврската

Член 4

Методологијата за утврдувањето на пазарната вредност на недвижноста ја пропишува Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за финансии, а утврдувањето на пазарната вредност на недвижноста го врши Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности формирана од страна на Советото на Општината Битола

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службениот гласник на Општината Битола“

Бр. 07-750/21
25.07.2005
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Зоран Коњановски

Врз основа на член 5, 6 и 9 од Законот за даноците на имотот („Службен весник на РМ“ бр. 61/04), а во врска со член 79 од Статутот на Општина Битола („Сл.гласник на Општина Битола“, бр.2/96), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 25.07.2005 година, донесе

ОДЛУКА
**за утврдување висината на стапките на данокот на имот на Општина Битола**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на стапките на данокот на имот во Општина Битола

Член 2

Висината на стапката за пресметување на данокот на имот во Општина Битола се утврдува на 0, 10%

Член 3

Висината на стапката за пресметување на данокот на имот на земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство е зголемена за пет пати во однос на стапката на данокот на имот и се утврдува на 0,50%

Член 4

Висината на стапката за пресмеување на данокот на имот на обврзникот за станбена зграда или стан во кој живее со членовите на семејеството се намалува за 50% од висината на стапката на данокот на имот

Член 5

Основа за пресметување на данокот на имот претставува пазарната вредност на недвижниот имот утврдена според методологијата на Владата на РМ на предлог на Министерство за финансии, а утврдувањето на пазарната вредност на недвижниот имот го врши Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижности формирана од странан на Советот на Општина Битола

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола"

Бр.07-750/19
25.07.2005г.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Зоран Коњановски

Врз основа на член 62 од Законот за даноците на имотот („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ" бр.61/04) и член 16 од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ" бр. 50/50), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 28.02.2011 година, донесе

ОДЛУКА
**за измена и дополнување на Одлуката за определување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Битола**

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за определување на зони за утврдување на пазарна вредност не недвижен имот во Општина Битола, бр. 07-478/18 од 16.03.2010 год и тоа:

„Во 5-та зона за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Битола се додава нова алинеа која гласи: ДУП за АРМ, АРМ четврт 1, АРМ Четврт 2 АРМ Четврт 3.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на обрјавувањето на „Службен гласник на Општина Битола“

| | |
|---|---|
| Бр. 07-390/25 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 28.02.2011год | на Советот на Општина Битола |
| Битола | Лилјана Кузмановска |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02) член 6 став 1 точка 5 и 6 од Законот за комуналните такси („Сл.весник на РМ“ бр. 61/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола “ 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 09.03.2007 година, донесе

ОДЛУКА

**за определување на населени места на подрачјето на Општина Битола кои се ослободени од плаќање на комунална такса**

Член 1

Со оваа Одлука се определуватт пасивните населени места со изразена миграција во подрачјето на Општина Битола во кои обврзниците се ослободуваат од плакање на комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија.

Член 2

Како пасивни населени места со изразена миграција од член 1 од оваа Одлука се сметаат:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Братин дол | 13. Жабјани | 25. Ниже Поле |
| 2. Брусник | 14.Канино | 26. Олевени |
| 3. Барешани | 15.Крстоар | 27. Орехово |

| | | |
|---|---|---|
| 4. Велушина | 16. Кишава | 28. Острец |
| 5. Габалавци | 17. Кременица | 29. Облаково |
| 6. Гопеш | 18. Лавци | 30. Рамна |
| 7. Граешница | 19. Лера | 31. Ротино |
| 8. Драгош | 20. Лажец | 32. Снегово |
| 9. Доленци | 21. Магарево | 33. Српци |
| 10. Дрвеник | 22. Маловиште | 34. Трново |
| 11. Ѓавато | 23. Метимир | 35. Цапари |
| 12. Злокуќани | 24. Меџитлија | |

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-472/11
09.03.2007
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник  на РМ" бр. 05/02) член 2 став 2 од Законот за комуналните такси („Сл.весник на РМ" бр. 61/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола " 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

ОДЛУКА
**за измена и дополнување на Одлуката за утврдување висината на комуналните такси (паушалец) во Општина Битола**

Член 1

Во одлуката за утврдување висината на комуналните такси во Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 09/05 и 20/07 во член 2 Тарифен број 1 под „а" износот на таксата од 2300 се менува со 2000 денари, под „б" износот на таксата од 700 ден, се менува со 500 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола"

Бр. 07/3787/6
29.12.2008
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02) член 2 став 2 од Законот за комуналните такси („Сл.весник на РМ“ бр. 61/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола “ 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 25.06.2008 година, донесе

ОДЛУКА
**за измена и дополнување на Одлуката за утврдување висината на комуналните такси (за музика) во Општина Битола**

Член 1

Во Одлуката за утврдување висината на комуналните такси во Општина Битола(„Службен гласник на Општина Битола“бр.09/05) во членот 2–утврдената висина на комуналните такси под Тарифен број 5–за користење на музика во јавни локали во износ на годишно ниво од 6.500 ден, се заменува со износ од 5.000 ден.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07/1595/19
25.06.2008
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02) член 2 став 2 од Законот за комуналните такси („Сл.весник на РМ“ бр. 61/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола “ 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 17.12.2007 година, донесе

ОДЛУКА
**за измена и дополнување на Одлуката за утврдување висината на комуналните такси (фирмарина) во Општина Битола**

Член 1

Во Одлуката за утврдување висината на комуналните такси во Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.09/05) во членот 2, тарифен број 1 под „в“, износот на таксата од 6.000 денари се менува со 5.000 денари

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“, а ќе се применува од 01.01.2008 година

Бр. 07-3337/7
14.12.2007
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02) член 6 став 1 точка 5 и 6 од Законот за комуналните такси („Сл. Весник на РМ“ бр. 61/04, 64/05 и 92/07) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл.гласник на Општината Битола“ бр.10/05) Советот на Општината Битола на сеницата одржана на 21.06.2012 година, донесе

ОДЛУКА

**За измена и дополнување на Одлуката за определување на населени места на подрачјето на Општина Битола кои се ослободени од плаќање на комунална такса**

Член 1

Во Одлуката за определување на населени места на подрачјето на Општината Битола кои се ослободени од плаќање на комунална такса („Сл. Гласник на Општина Битола“ бр. 02/07), во членот 2 после редниот број 35 се додаваат редните броеви 36. Кажани, 37 Ново Змирнево, и 40. Црновец.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр. 07-17/17
21.06.2012
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02) член 5 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ“ бр. 61/05) и член 16 од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ“ бр.50/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 13.03.2010 година, донесе

ОДЛУКА

**За определување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Битола**

Член 1

СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Битола, прикажани во табеларниот преглед кој е составен дел на Одлуката

| | ЗОНИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ ВО ОПШТИНА БИТОЛА |
|---|---|
| Зона | Локалитет – улици – ДУП |
| 4-та | Стара Чаршија<br>Ул. Широк Сокак |
| 5-та | - ДУП за „Центар 1, 2 и 3“ |
| 6-та | - ДУП за „Центар 4 и 5“<br>- „Бактериолошка“<br>- Касарна<br>- Градски парк „Фустеларко“<br>- ДУП за Северeоисточна станбена зона „Триаголник“<br>- Дел од Станбена заедница 6, 7 и 8 до Ул. „Пецо Божиновски“<br>- Ул. „Македонска Фаланга“<br>- Ул. „Васко Карангелевски“<br>- Ул. „Народни Херои“ и ул. „Бонде Скерлевски“<br>- Ул. „Прилепска“ околу АТ-Пазар<br>- Дел од Станбена зона „Баир“- на потегот до Ул. „Илинденска“ |
| 7-ма | - „Станбена Заедница бр. 1,2,4 и 5“<br>- Дел од Станбена заедница 6, 7 и 8 од ул. „Пецо Божиновски“<br>- До ул. „Ѓорги Наумов“<br>- Дел од ДУП „Стрчин“ – Студенски дом<br>- ДУП „Даме Груев“<br>- Населба „Карпош“ и населба „Кланица“<br>- Дел од Станбена заедница „Ушици“- на потегот до Ул. „Илинденска“<br>- Брусничко – лавчански реон 3 дел |

| | |
|---|---|
| | - Довлеџик<br>- Дел од Девеани – на потегот до ул. „Илинденска“ |
| 8-ма | - Девеани, над ул. „Илинденска“<br>- Баир, над ул. „Илинденска“<br>- Ушици, над ул. „Илинденска“<br>- Брусничко – лавчански реон 1,2 и 4 дел |
| 9-та | - Баир над ул. „Струшка “, ул. „Јајце“ и<br>- Ул. „Мордо Нахмијас“<br>- Буковско кај гробиштата и Хераклеја, Авторемонт до опфатот на ДУП<br>- ДУП „Јени Маале2“<br>- ДУП „Буримечка“<br>- Железничка станица со стоваришта<br>- Новачки пат |
| 10-та | - ДУП за сервиси „Запад 1 и 2“ Довлеџик<br>- ДУП за сервиси „Буковски Мост“<br>- Локации околу патот за село Кравари – лево и десно од потегот до паралелно проектираната сообраќајница до ГУП<br>- Индустриска зона – од постојниот индустриски пат<br>- ДУП за „Стрелиште“<br>- Индустриска зона – од постојниот индустриски пат до новопредвидената заобиколница зад „Битолатекс“<br>- Млекара, Земјоделско училиште до новите граадски гробишта<br>- Сокомак, Лозар, Новачки пат од индустриската зона кон исток- зона за мало стопанство<br>- ДУП за „Јавни градски складишта“<br>- Индустриска зона од индустриски пат кон исток северно од предвиденотот продолжување на ул. „Партизанска“<br>- ДУП за „Горно Оризари“ 1 и 2 |
| 11-та | - Индустриска зона – јужно од продолжување на крак на улица „Партизанска“ до пат за село Поешево<br>- Индустриска зона – јужно од пат за село Поешево до Царина Терминал |

Член 2

Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на Општина Битола, ќе се придружува кон утврдените бодови за зони, донесени од Владата на република Македонија, со право да применува бодови за ПОД-ЗОНА во рамките на определена зона која е составен дел на оваа Одлука, во зависност од конкретната локација на недвижниот имот во рамките на зоната

Член 3

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола “ бр. 11/05).

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола„

Бр. 07-478/18
16.03.2010 год
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02) член 5 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04/,92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15 и 192/15) и член 13 метидологијатт за процена на пазарна вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ“ бр. 54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), и член 70 ос Статусот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 23.12.2015 година, донесе

ОДЛУКА
**за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2016 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Битола по Катастарски Општини**

Член 1

Со оваа одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Битола по Катастарски Општини

Член 2

Почетната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата по Катастарски Општини во денари за метар квадратен се движи:

| Катастарска Општина | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Барешани | | | | | | | | |
| КО Бистрица | 105,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Битола | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Братин дол | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Брусник | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Буково | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Велушина | 60,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Габалавци | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Горно Оризари | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Горно Српци | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Горно Орехово | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Гопеш | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Градешница | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Дихово | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Доленци | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Долно Оризари | 90,00 | 80,00 | 60,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Драгош | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Драгарино | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Драгожани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Древени | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Ѓавато | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Егри | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Жабјани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Злокуќани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Карамани | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Кажани | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Канино | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кишава | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Крклино | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Крстоар | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кременица | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кравари | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| KO Кукуречани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| KO Лавци | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| KO Лажец | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| KO Лера | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| KO Лисолај | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| KO Логоварди | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| KO Лопатица | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| KO Магарево | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| KO Маловиште | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| KO Метимир | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| KO Ниже Поле | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| KO Облаково | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| KO Олевени | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| KO Оптичари | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| KO Острец | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| KO Поешево | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| KO Породин | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| KO Рамна | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| KO Раштани | 90,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| KO Ротино | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| KO Свињиште | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| KO Секирани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| KO Снегово | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| KO Ст. Змирнево | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| KO Стрежево | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| KO Трново | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| KO Трн | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| KO Цапари | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| KO Црнеец | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| KO Црно Буки | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| 998 земја | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| 999 земја | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“

Бр. 09-513/26
23.12.2015
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02) член 5 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04/,92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15 и 192/15) и член 12од метидологијата за процена на пазарна вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ“ бр. 54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), и член 70 од Статусот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 23.12.2015 година, донесе

ОДЛУКА

**За одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2016 година утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Битола по Катастарски Општини**

Член 1

Со оваа одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежно земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Битола по Катастарски Општини

Член 2

Просечната цена за метар квадратен на градежно земјиште се движи во зависност од зоната во градот и населеното место и тоа:

I. Во град Битола

За дворни места

| | | |
|---|---|---|
| -2.000 ден/м2 | - | 4-та и 5-та зона |
| -1.200 ден/м2 | - | 6-та и 7-та зона |
| -1.000 ден/м2 | - | 8-та и 9-та зона |
| - 800 ден/м2 | - | 10-та и 11-та зона |

За градежни парцели

| | | |
|---|---|---|
| -4.000 ден/м2 | - | 4-та и 5-та зона |
| -3.000 ден/м2 | - | 6- та и 7-та зона |
| -2.400 ден/м2 | - | 8-та и 9-та зона |
| -1.200 ден/м2 | - | 10-та и 11-та зона |

II. Просечната цена за метар квадратен на градежното земјиште во селата на Општина Битола се движи:

1. ЛАВЦИ, БРУСНИК, БУКОВО, ДИХОВО, ТРНОВО, МАГАРЕВО, ГОРНО ОРИЗАРИ
   - За дворни места -600 ден/м2
   - За градежни парцели -1.200 ден/м2

2. БРАТИНДОЛ, КРСТОАР, БИСТРИЦА, ЛОГОВАРДИ, ДОЛНО ОРИЗАРИ, КУКУРЕЧАНИ И КРАВАРИ
   - За дворни места -500 ден/м2
   - За градежни парцели -1.000 ден/м2

3. РОТИНО, КРКЛИНО, РАШТАНИ И НИЖЕПОЛЕ
   - За дворни места -400 ден/м2
   - За градежни парцели -800 ден/м2

4.ЃАВАТО, КАЖАНИ, МАЛОВИШТА, ЦАПАРИ, ОЛЕВЕНИ, КАНИНО, БАРЕШАНИ, ПОРОДИН, ЖАБЕНИ, КАРАМАНИ, ОПТИЧАРИ, ПОЕШЕВО
   - За дворни места -300 ден/м2
   - За градежни парцели -600 ден/м2

5. РАМНА, ЛЕРА, Г.СРПЦИ, ДОЛЕНЦИ, ДРАГАРИНО, ЦРНОБУКИ, ДРАГОЖАНИ, ТРН, ВЕЛУШИНА, ЛИСОЛАЈ, ЕГРИ, ЛОПАТИЦА
   - За дворни места -200 ден/м2
   - За градежни парцели -400 ден/м2

6. КРЕМЕНИЦА, ЛАЖЕЦ, ГРАЕШНИЦА, ДРАГОШ, КИШАВА, ОСТРЕЦ
   - За дворни места -200 ден/м2
   - За градежни парцели -200 ден/м2

7. СВИЊИШТА, СЕКИРАНИ, СНЕГОВО, СТ.ЗМИРНЕВО, ЦРНЕЕЦ, СТРЕЖЕВО, МЕТИМИР, ОБЛАКОВО, ЗЛОКУЌАНИ, ДРВЕНИК, Г.ОРЕОВО, ГАБАЛАВЦИ, ГОПРЕШ
   - За дворни места -100 ден/м2
   - За градежни парцели -100 ден/м2

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“

Бр. 09-513/5
23.12.2015
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 6 став 1 точка 6 од Законот за комунални такси („Службен весник на РМ“ бр.61/04), 64/05, 92/07, 123/12 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 27.05.2013 година, донесе

ОДЛУКА
**за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирање во Општина Битола**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат следните дефицитарни занимања и занаети во Општина Битола: ковачи, грнчари, лимари, казанџии, копчари, свеќари, крзнари, шапкари, изработувачи на сувенири (ракотворби), јорганџии, опинџари и саатчи.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-16/29
27.05.2013
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
д-р Силвана Ангелевска